## 144. НЕ ОДИ СТОЈАН ВО ВЕЛЕС

Крај: Неготино, Тиквеш
Пеела: Заприна Ѓорѓиева
Родена: Неготино, 1941 год.
Мелограф.: Ал. Линин

Лента бр.: 250/2
Снимена: Неготино
28. октомври 1949 год.
Мелограф.: 28.05. 1964.




1. Не оди Стојан во Велес,
   не љуби моми велешки;
2. не љуби моми велешки,
   велешки моми ѓаволи;
3. Стојан си мајка не слуша,
   право си трга во Велес;
4. на пат го среле три моми,
   три моми велишки, ѓаволи;
5. прва му глава отсече,
   втора му сабја одзема.

Забелешка: Мелострофите се формираат: стих, рефрен, нареден стих како што стои и во напевот.

Линин, Александар. Тиквешки народни песни. Скопје: Мисла 1978.